**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Одделение за соработка со невладини организации

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА НА ВЛАДАТА ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР (2018 – 2020), ВО 2019 ГОДИНА

Скопје, март 2020 година

# 1. Вовед

Развојот на граѓанскиот сектор во општеството е од исклучителна важност за демократските вредности на земјата и поттикнување на граѓанската свест. Владата на Република Северна Македонија воспостави континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанскиот сектор, третирајќи го како рамноправен партнер и коректор на нејзините одлуки, кој активно партиципира во градењето на политиките.

Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 усвоена е на 9.10.2018 година и разработува рамка за понатамошно унапредување на соработката и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор, како коректив на политиките, сервис на граѓаните и канал за солидарност, партнер на државата и бизнисот и двигател на ЕУ интеграцијата.

Мерките во овој стратешки документ се систематизирани во три области: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор; Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија и Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој.

Генералниот секретаријат на Владата – Одделение за соработка со невладини организации и Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор ја имаат примарната улога во координирањето на спроведувањето на Стратегијата и во подготовка на извештаи до Владата за преземените активности и постигнатите цели во спроведувањето на Стратегијата. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, како советодавно тело на Владата, го следи спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план и дава мислење на годишно ниво за нивна реализација. Министерствата и другите органи на државната управа активностите предвидени во Акцискиот план на оваа Стратегија ги планираат во нивните стратешки планови и годишниот план за работа и се грижат за обезбедување на финансиски средства потребни за нивно спроведување. Граѓанските организации се вклучени како партнери на Владата и органите на државната управа во спроведувањето на конкретни мерки/активности и во континуираното следење на спроведувањето на Стратегијата.

Поимите „граѓанска организација“ и „граѓански сектор“, во смисла на оваа стратегија, ги опфаќаат здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странски организации и другите форми на здружување, регистрирани согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации и не се однесуваат на политичките партии, црквите, верските заедници и религиозните групи, синдикатите, коморите и други видови на здружување уредени со посебни закони. Граѓанските организации се непрофитни, непартиски и се основаат за остварување и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и со закон.

Според податоците од Централниот регистар на Република Северна Македонија, заклучно со 31.12.2019 година, во Република Северна Македонија има вкупно 16.703 субјекти регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации,

што претставува зголемување од 46,57% во однос на состојбата во април 2018 година, кога се евидентирани вкупно 8.924 субјекти.

Вкупниот број на активни граѓански организации, односно организации кои до 31.12.2019 година до Централниот регистар на Република Северна Македонија поднеле завршна сметка или изјава/одлука изнесува 2.710, што претставува намалување од 54,64% во однос бројот на активни организации на 31.12.2017 година (5.975).

Во текот на 2019 година основани се и запишани во Регистарот вкупно 772 граѓански организации, односно 12,95% повеќе во однос на 2017 година (672), а нема организации кои престанале да постојат и се избришани од Регистарот во текот на 2019 година.

## 2. Преглед на реализираните мерки и активности по приоритетни области

Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020) содржи вкупно 31 мерка и 84 активности, од кои: 37 активности (44,05%) се реализирани, 19 активности (22,62%) се во тек, 9 активности (10,71%) доцнат со реализација, а 19 активности (22,62%) предвидено е да се реализираат во 2020 година.




### *2.1. Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор*

Цели на приоритетната област: Унапредување на правната рамка за граѓанските организации; Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој; Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации и Подобрување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата, органите на државната управа и граѓанските организации.

Во првата приоритетна област содржани се 14 мерки и 46 активности, од кои: 15 активности (32,61%) се реализирани, 8 активности (17,39%) се во тек, 7 активности (15,22%) доцнат со реализација, а 16 активности (34,78%) предвидено е да се реализираат во 2020 година.



Воспоставен е независен, репрезентативен и ефективен Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, како советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор. Од формирањето во април 2018 година, до крајот на 2019 година, Советот одржа вкупно 18 седници, од кои 10 седници во 2019 година. Советот ја следи и анализира јавната политика која се однесува и/или влијае на граѓанскиот сектор и иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите, ја следи имплементацијата на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, преку разгледување на квартални и годишни извештаи, учествува во утврдувањето на приоритетите за финансиска поддршка на граѓанските организации од Буџетот на Република Северна Македонија, номинира претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела на барање на Владата, органите на државната управа или граѓанските организации и др. Во текот на 2019 година, Советот разглед вкупно 21 материјал, од кои 14 на предлог и/или подготвени од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, 2 на предлог на членови од редот на вработените во органите на државната управа (Секретаријат за европски прашања и Министерство за информатичко општество и администрација) и 7 на предлог на членови од редот на организациите.

Во согласност со определбата на Владата на Република Северна Македонија за партнерство со граѓанските организации во процесот на креирање и спроведување на политики, Владата во 2018 година воведе „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“. Во 2019 година, се одржаа 3 од серијата отворени денови на тема: План за чист воздух (16.01.2019), Младински политики (27.06.2019) и Програма за намалување на аерозагадувањето 2020 (18.9.2019), на кои поднесени се 18 иницијативи од граѓански организации. Иницијативите и одговорите од ресорните министерства објавени се на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk.

На 22.5.2019 година, во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), се одржа конференција на тема „Реформа на системот за државно финансирање на граѓанските организации“, на која претседателот на Владата на Република Северна Македонија ја потврди политичката волја за подобрување на моделот на државно финансирање.

Зголемена е транспарентноста и објективноста при распределбата на средствата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, Владата додели 11.690.842,00 денари на 20 граѓански организации, за проекти во 8 приоритетни области, а во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година учествуваа и два члена на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во својство на набљудувачи.

Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28.12.2019 година, донесе Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.277/19), со која се утврдени основните организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, посебните програмски критериуми и постапката врз основа на кои се врши проценка на квалитетот на проектите. Одлуката е донесена по спроведен консултативен процес со граѓанските организации (одржани три јавни расправи во Скопје, Битола и Штип) и позитивно мислење од Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

Во насока на воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти, Фондацијата Отворено општество Македонија, врз основа на Меморандум за соработка со Генералниот секретаријат на Владата, подготви Нацрт-Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 год. до прва половина на 2019 год.) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од други земји и Предлог-модел на фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проекти во РСМ. Во периодот 18–30.12.2019 година, преку www.nvosorabotka.gov.mk се спроведоа електронски консултации со граѓанските организации, а Нацрт-анализата беше разгледана од Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на 17.седница, одржана на 25.11.2019 година. На барање на Советот, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат подготви Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства во 2019 година (усвоена од Владата, на 130.седница, одржана на 16.4.2019 година), Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2017 година и Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во 2017 и 2018 година.

Секретаријатот за европски прашања подготви Нацрт-упатство за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош (ЦДАД), со наменски Обрасци/Барања за регистрација на проекти, што беше разгледано на 12. седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 22.5.2019 година.

Редизајнирана е веб-страницата на Одделелението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk. Достапни се известувања за настани од значење за граѓанските организации, податоци за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (дневен ред, материјали и записници), регистар на невладини организации и база на податоци за финансиска поддршка, а на следниот линк: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/250 воспоставена е посебна платформа

за следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020.

## *2.2. Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија*

Цели на приоритетната област: Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките и Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција.

Во втората приоритетна област содржани се 10 мерки и 22 активности, од кои: 19 активности (86,36%) се реализирани, 2 активности (9,09%) се во тек, а 1 активност (4,55%) предвидено е да се реализира во 2020 година.




Спроведувањето на стандардите за учество на јавноста во креирањето политики во практика има значителен напредок, пред сѐ, со вклучување на граѓанските организации уште во почетните фази на креирањето на законите и на политиките на различен начин, особено во работни групи, како и почитување на роковите за електронски консултации на ЕНЕР. Кабинетот на министерот без ресор задолжен за транспарентност, отчетност и комуникации во февруари 2019 година донесе Правилник за организација на јавна консултација при започнување на легислативен процес, кој ги објаснува формата, содржината и механизамот на јавната консултација. Согласно Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, Генералниот секретаријат на Владата - Одделение за соработка со невладини организации објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата. На повикот објавен во август 2019 година доставени се иницијативи од 10 граѓански организации, кои заедно со одговорите од министерствата се објавуваат на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на 13.седница одржана на 4.7.2019 година го дополни Деловникот за својата работа со одредби со кои се уреди постапката за номинирање претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела, на барање на Владата, органите на државната управа или граѓанските организации. Согласно овие одредби, Советот номинираше 27 претставници на граѓанскиот сектор во 8 советодавни и работни тела.

Во декември 2019 година надградена е платформата на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) www.ener.gov.mk за зголемување на транспарентност и учество на засегнатите страни во процесот на креирање политики. Со овие измени се овозможи граѓаните и било која друга засегната страна да можат електронски да поднесуваат иницијативи за закони или

општи предлози до министерствата, а достапни се и Форум-тематските дебати. Дополнително ЕНЕР нуди простор и за граѓанските организации и нивните анализи, во функција на квалитетен и ефективен процес на креирање на политиките.

Со цел вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на преговарачките позиции и преговори со Европската Унија, работна група на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор подготви Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори за членство во Европската Унија, што по спроведен консултативен процес, беше разгледан на 17. седница на Советот, одржана на 25.11.2019 година.

Од септември 2018 година до декември 2019 година Секретаријатот за европски прашања во континуитет организира подготвителни состаноци и директен пренос за објаснувачките состаноци за секое поглавје од ЕУ acquis кои се одржуваат во Брисел, Белгија. На директниот пренос на објаснувачките состаноци кој се одржува во СЕП, учествуваат и претставници на граѓански организации чиј фокус на работа се ЕУ поглавјата.

Министерството за надворешни работи, во рамки на Проектот на Канцеларијата на ОН за поддршка на програмата за работа на Експертската работна група при Меѓуресорското тело за човекови права одржа две работилници со граѓанскиот сектор (9-10.5.2019 и 18-20.12.2019) на кои се дискутираше за модалитетите и планот за взаемна соработка во рамки на телото. Во текот на 2019 година граѓанските организации беа консултирани при подготовка на Четвртиот периодичен извештај на Република Северна Македонија по Конвенцијата на ОН против тортура и друг груб, нехуман или деградирачки третман или казнување и 6. Извештај за Конвенцијата за биолошка разновидност.

Граѓанските организации активно се вклучени во градење на концептот „Едно општество за сите“, во процесот на подготовка и следење на имплементацијата на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам, што Владата на Република Северна Македонија ја усвои на 162.седница, одржана на 5.11.2019 година, а претседателот на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор е член на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, формирано од Владата во јануари 2020 година.

## *2.3. Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој*

Цели на приоритетната област: Развој на социјално претприемништво; Зголемено учество на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата; Промовирање и развој на волонтерството; и Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанскиот сектор.

Во третата приоритетна област содржани се 7 мерки и 16 активности, од кои: 3 активности (18,75%) се реализирани, 9 активности (56,25%) се во тек, 2 активности (12,5%) доцнат со реализација, а 2 активности (12,5%) предвидено е да се реализираат во 2020 година.




Со Законот за социјална заштита, донесен во мај 2019 година („Службен весник на РСМ“ бр.104/19), се утврдени социјалните услуги кои може да ги даваат здруженија (социјални услуги во домот, социјални услуги во заедницата, освен услуги за ресоцијализација на деца во ризик и ресоцијализација на деца во судир со законот, услуги на вон-семејна заштита, освен установа за прифат на баратели на азил, воспитна установа и групен дом за деца во ризик, услуги на информирање и упатување, услуги на стручна помош и поддршка и услуги на советување), условите и постапката за доделување средства за давање социјални услуги и се воведуваат управни договори за давање на социјални услуги. Консултациите по Предлог на закон се спроведоа преку ЕНЕР, а се одржаа и неколку јавни расправи. Предлогот на закон беше разгледан и на 7. седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 26.11.2018 година. Со цел развивање и давање на социјални услуги од лиценцирани и овластени даватели (здруженија и приватни даватели) донесена е Методологија за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на РСМ“ бр.264/19) и формирани се Комисија за лиценцирање на даватели на социјални услуги и Комисијата за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели, чија работа се уреди со два правилници донесени од Министерството за труд и социјална политика.

Во Законот за јавни набавки, донесен во јануари 2019 година („Службен весник на РСМ“ бр.24/19), во член 29 предвидени се резервирани јавни набавки за економски оператори чија основна цел е општествена и професионална интеграција на лицата со попреченост или на лицата од социјално ранливите групи и кои ја реинвестираат добивката за таа цел согласно закон, со што се поттикнуваат активностите на граѓански организации и социјални претпријатија.

Во Министерството за здравство во тек е подготовка на предлог решенија за воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите за ХИВ во релевантните закони и подзаконски акти и стандарди за услуги за превенција и поддршка поврзана со ХИВ кои ги нудат граѓанските организации.

Во декември во Скопје се одржа Национален форум за волонтерство, во организација на Младинскиот културен центар – Битола, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, а во рамките на регионалниот проект „Пат Западен Балкан 6“ (ROUTE WB6). Целта на форумот беше преглед и дискусија за состојбите со законската регулатива за волонтерство во државата, како и дискусија и насоки за потребата од подготовка на нова Национална стратегија за промоција и развој на волонтерството 2020 -2025.

*3. Финансиски средства со кои се спроведени активностите (Буџет на Република Северна Македонија, граѓански организации, странска помош, други донатори)*

Мерките и активностите од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор што беа спроведени во текот на 2019 година беа финансирани во рамките на одобрените буџетски средства на Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со невладини организации, ресорните министерства и другите органи на државната управа или проекти финансирани од Европската Унија и други донатори.

Директна финансиска поддршка на граѓанските организации е обезбедена од Владата на Република Северна Македонија, преку Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година и Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации, објавен од Генералниот секретаријат на 31.01.2019 година, при што, низ транспарентен и објективен процес доделени се 11.690.842,00 денари на 20 граѓански организации, за проекти во 8 приоритетни области. Во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година учествуваа и два члена на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во својство на набљудувачи.

Во 2019 година, Министерството за економија обезбеди финансиска помош за развој на претприемачки вештини кај граѓанските организации за социјално претприемништво преку Програмата за конкурентност и иновации за 2019 година, мерка 1.2 Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на мали средни претпријатија и промоција на претприемништвото во вредност од 4.500.000 денари, но за жал ниту една граѓанска организации не аплицирала со ваков проект.

Министерството за труд и социјална заштита во 2019 година, врз основа на постапка на јавен конкурс склучи договори со здруженија за обезбедување на услуги од областа на социјалната заштита и тоа: организирано живеење со поддршка за лица со интелектуална попреченост над 18 години во вкупен износ од 18.656.400 денари; обезбедување услуга во Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори, преку Програма за социјална ресоцијализација во терапевтска заедница, во вкупен износ од 5.520.000 денари; обезбедување пристап до безбедно сместување до 1 година во специјализирано засолниште за жртви на родово базирано насилство врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет, во вкупен износ од 1.220.000 денари; обезбедување на услуга во Центар за лица жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство во вкупен износ од 1.200.000 денари; услуги за персонална асистенција од страна на 6 провајдери во вкупен износ од 14.500.800денари; програми на национални инвалидски организации, специјализирани услуги за жртви на семејно насилство и програмски активности на Црвениот крст на РМ - 70.000.000 денари (согласно Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженијата за борба против семејно

насилство и на Црвениот крст на РМ од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2019 година ("Службен весник на РМ" бр.26/19); Проект за заштита на деца на улица во износ од 300.000 денари и Проект за заштита на деца во ризик во износ од 300.000 денари.

Министерството за животна средина и просторно планирање ја стимулира работата на граѓанките организации кои делуваат во областа на заштита на животната средина и климата со финансирање во рамките на Програмата за инвестирање во животната средина за 2019 година, во вкупна вредност од 14.000.000 денари, доделени на 57 корисници.

Агенцијата за млади и спорт продолжи со поддршка на младинското граѓанско општество, иницијативите и креативното изразување на мислењата и ставовите на младите и врз основа на два огласи за финансиска поддршка на здруженија и фондации додели вкупно 4.700.000 денари на 18 организации.

Министерството за одбрана во 2019 година поддржа вкупно 30 настани на граѓански организации, со обезбедување простор во Домот на Армијата, без надомест (концертна сала, конференциска сала или хол), за одржување на активности од непрофитен карактер на Здружение на воени пензионери на РМ, Црвен крст на Град Скопје, Сојуз на здружение на пензионери на Македонија, Здружение Скопјанката Мајка Тереза, Здружение на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на РСМ, Сојуз на борци од НОАВМ и др., а Армијата одговори на 13 барања за логистичка поддршка на граѓански организации, како подготовка и поделба на чај или оброк за потребите на Здружението на граѓани Бајкинг од Велес, Сојузот на борци на НОАВМ 1941-1945 и др., времено користење на спортските капацитети од Воен Стадион Скопје за потребите на Здружението на воени пензионери, обезбедување вреќи за спиење и ќебиња за потребите на здруженијата Христо Узунов од Охрид и Здружението Бигорски Манастир патот на Црешовото топче од Гостивар.

## *4. Препораки за понатамошно спроведување на Стратегијата и Акцискиот план, со осврт и на мислењата добиени од граѓанските организации*

Навременото планирање и координацијата претставуваат основни претпоставки за успешно спроведување на мерките и активностите содржани во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. На 24.1.2019 година во Граѓанскиот ресурсен центар се одржа дебата на тема „Стратегијата креатор на овозможувачкото опкружување за граѓанските организации" на која беше потенцирана потребата од поголема видливост на реализираните мерки, афирмирање на улогата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат и користење на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk како интерактивен извор на информации, практична и корисна алатка во соработката со граѓанскиот сектор.

## *5. Прилог: Табеларен преглед на реализираните мерки и активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, 2018-2020*